Марија ... Ѕ...

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 23. 07. 2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един: | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 11 | 137 | | |

3473

( Образец ПП……)

**До:** Комисија за Спорт
**(имател на информацијата)**

## Б А Р А Њ Е
## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted]

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата [redacted]

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер: Колку финансии и на кои екипи од женски спорт му се исплатени од 01.01.2025 година до денес. Имено сакам да ги знам сите донации за женски спорт па барам дали се сите исплатени и на кои се доделени.

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго ______

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго ______

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис** [redacted]

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

**Во** 23., 07. **2025 година .**

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Одделение за Јавни дејности

Бр.11-137/2
25.07.2025

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-137/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лица за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

25.07.25

Марија Атанасовска

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено: 28. 07. 2025

| Орг.Един: | Број: | Прилог: | Вредност |
|---|---|---|---|
| 11 | 137/3 | | |

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија**
Одделение за јавни дејности

До
Одделение за административни и општи работи

**Предмет**: Доставување на информации по барање со бр. 11-137/2 од 25.07.2025

Почитувани,

Согласно Вашето барање и согласно пристигнатото барање од [redacted] од Битола за информации од јавен карактер, Ве известуваме дека во Програмата за активностите во областа на спортот и младите во Општина Битола за **Женски спортски клубови/здруженија**, со опис на активност дека „Општината ќе го поддржува и женскиот колективен спорт односно здруженијата кои се натпреваруваат во националните лиги, а истите немаат статус на професионални акционерски друштва“ со вкупна сума од 2.000.000,00 денари.

Во текот на целата година до Комисијата за млади, спорт и рекреација на Советот на Општина Битола преку архивата во Општината се пристигнати повеќе барања за доделување на финансиски средства од ставката 5.1 - Женски спортски клубови/здруженија и Комисијата по основ на пристигнатите барања одлучи финасиски средства да се доделат по следнот редослед:

| **5.Дополнителни активности** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 5.1 Женски клубови/здруженија | | 650.000,00 ден | ЖРК Пелистер | |
| | | 500.000,00 ден | ОКПелистер Волеј | |
| | | 100.000,00 ден | Женски Кугларски клуб Пелистер Пин | |
| | | 60.000,00 ден | ППК Пелагонија | |
| | | | | |
| | | | | |
| **ВКУПНО Женски клубови/здруженија** | **2.000.000,00 ден** | **1.310.000,00 ден** | | **690.000,00 ден** |

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Македонија
тел: 047 234 234 047 208 335 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија**
Одделение за јавни дејности

Комисијата за евалуација согласно записниците од Комисијата за млади, спорт и рекреација на Советот на Општина Битола ги потврди горенаведените суми и истите се исплатени на барателите.

Како што може да се види од табелата погоре, од планираните 2.000.000,00 денари потрошени се 1.310.000,00 денари и останати 690.000,00 денари.

Во прилог Ви ги доставуваме записниците од Комисијата за млади, спорт и рекреација на Советот на Општина Битола каде што се доделени финансии на женски клубови по предходно поднесени барања.

Битола, 25.07.2025

Раководител на одделение за
јавни дејности
м-р Виолета Налевска

Изработил:
Александар Стефановски

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Македонија
тел: 047 234 234 047 208 335 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

ЗАПИСНИК

Од седницата на Комисијата за млади, спорт и рекреација на Советот на Општина Битола одржана на 11.02.2025 година во 09:00 часот.

Присутни на седницата: Зоран Петковски претседател на Комисијата и членовите: Борче Корлевски, Марко Јосифовски и Петар Николовски. На седницата присуствуваа и советниците Марта Ѓоргиевска, Габриела Илиевска, Методија Илиевски, Кире Климевски и Бојан Бојкоски. Како претставник од општинската адмнистрација беа присутни Виолета Налевска и Александар Стефановски.

Записникот го водеше Васка Арсовска Цветаноски.

За работа на седницата беше предложен и прифатен следниот

ДНЕВЕН РЕД

1. Разгледување на предлог Јавен повик.

По точка 1 од дневниот ред, Виолета Налевска ја образложи потенцирајќи дека предлог јавниот повик е истиот како минатата година.

Немаше никакви забелешки за перлдог јавниот повик, со прецизирање дополнително кога ќе се разгледуваат апликациите од посебната комисија.
**Точка 1 од дневниот ред гласана со 4 гласа За.**

Советникот Петар Николовски побара доплонителна точка на дневен ред. Прашањето повеќе беше побарана информација зошто така беше и преставено . Колку вработени има ФК Пелистер, колку на платен список и колку од нив се со договор на дело? Информацијата да биде доставена до сите советници на електронска адреса.

На Комисијата се разгледаа и доделија следните барања за финансиска поддршка:

- [redacted]
- [redacted]
- **Женски спорт Одбојкарски клуб Волеј 500.000,00 ден, предложено и гласано за 4 гласа За.**
- [redacted]
- [redacted]
- [redacted]
-

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Комисијата за млади, спорт и рекреација
Зоран Петковски

Бр. 0922-14/2
11.02.2025 год.
Битола

[redacted]

[redacted]

# З А П И С Н И К

Од седницата на Комисијата за млади, спорт и рекреација на Советот на Општина Битола одржана на 02.04.2025 година во 12:00 часот.

Присутни на седницата: Зоран Петковски претседател на Комисијата и членовите: Марко Јосифовски и Петар Николовски. Како претставници од општинската адмнистрација беа присутни Виолета Налевска и Александар Стефановски.

Записникот го водеше Васка Арсовска - Цветаноски.

За работа на седницата беше предложен и прифатен следниот

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување на барања за финансиска поддршка по Програма за спорт. Разгледани беа неколку барања :
   - ПЕЛИСТЕР ПИН 100.000,00 ден.( по Програма за женски спорт) 3 гласа ЗА

[redacted]

Дополнителна дискусија немаше.

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Комисијата за млади, спорт и рекреација
Зоран Петковски

Бр. 0922-48/2
02.04.2025 год.
Б и т о л а

[redacted]

# З А П И С Н И К

Од седницата на Комисијата за млади, спорт и рекреација на Советот на Општина Битола одржана на 08.05.2025 година во 09:00 часот.

Присутни членови на седницата: Зоран Петковски претседател, Борче Корлевски и Марко Јосифовски и дополнително советникот Кире Климески а како претставници од општинската адмнистрација беа Александар Стефановски и Виолета Налевска.

Записникот го водеше Андреј Гулабовски, помлад соработник во Нормативно-правно одделение.

За работа на седницата беше предложен и прифатен следниот

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување на Барања за финансиска поддршка.

По точка 1 од дневниот ред, беа разгледани барања за финансиска поддршка од спорски клубови при што по истите беше одлучено:

- Сноуборд Клуб Пелистер 50.000,00 денари
- Пингпонг Клуб Пелагонија (жени) 60.000,00 денари

Бр. 0922-70/3
08.05.2025год.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Комисијата за млади, спорт и рекреација
Зоран Петковски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СОВЕТ НА ОПШТИНАТА ОПШТИНА БИТОЛА

# З А П И С Н И К

Од седницата на Комисијата за млади, спорт и рекреација на Советот на Општина Битола одржана на 09.06.2025 година во 09:00 часот.

Присутни на седницата: Зоран Петковски претседател на Комисијата и членовите: Марко Јосифовски и Борче Корлевски. Како претставници од општинската адмнистрација беа присутни Виолета Налевска и Александар Стефановски.

Записникот го водеше Васка Арсовска - Цветаноски.

За работа на седницата беше предложен и прифатен следниот

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување на барања за финансиска поддршка по Програма за спорт.
   Разгледани беа неколку барања :
   - [redacted]
   - [redacted]
   - [redacted]
   - [redacted]
   [redacted]
   - ЖРК Пелистер 2012 – 650.000,00 ден.

Дополнителна дискусија немаше.

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Комисијата за млади, спорт и рекреација
Зоран Петковски

Бр. 0922-84/2
09.06.2025 год.
Б и т о л а

[redacted]

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-137/4
28.07.2025

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted] поднесено на **23.07.2025 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

**СЕ УВАЖУВА** барањето на [redacted] **,** по барање за пристап до информации од јавен карактер **бр.11-137/2025** од **23.07.2025 година**, за информација за исплатени финасиски средства од два милони денари за период од 01.01.2025 за екипи од женскиот спорт.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот [redacted] поднесе барање за пристап до информации од јавен карактер до Општина Битола и заведено под број 11-137/2025 на ден 23.07.2025 година. Во барањето наведе дека бара информација за исплатени финасиски средства од два милони денари за период 01.01.2025 за екипи од женскиот спорт.

Врз основа на барањето информација од јавен карактер имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата и прилозите:**

1.Барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-137/1 од 23.07.2025
2.Допис до Одделение за јавни дејности со бр.11-137/2 од 23.07.2025
3.Одговор Одделение за јавни дејности со бр.11-137/3 од 28.07.2025.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.
Решено во **Општина Битола** на 28.07.2025 година, под бр. 11-137/4.

**Службени лица за посредување при остварување**
**на правото на слободен пристап**
**до информации од јавен карактер**

**Марија Атанасовска**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА